Уп. бр. 08-144

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од друштвото Акрос Медиа Холдинг а.с. со регистирано седиште на Јелениа 3131/1, Братислава, Словачка, доставено преку Адвокатско друштво Георгиевски од Скопје, на седницата одржана на ден 24.10.2023 година, го донесе следното

# Р Е Ш Е Н И Е

Се утврдува дека концентрацијата со која Акрос Медиа Холдинг а.с. со регистирано седиште на Јелениа 3131/1, Братислава, Словачка ќе стекне самостојна контрола над друштвата Адриатик Адвертајзинг д.о.о, друштво со регистрирано седиште на ул. Теразије бр. 7-9 / Стари Град, Белград, Србија, И&Ф Медиабрандс д.о.о., со регистрирано седиште на ул. Теразије бр. 7-9 / Стари Град, Белград, Србија,И&Ф Акаунтинг д.о.о. со регистрирано седиште на ул. Теразије бр. 7-9 / Стари Град, Белград,И&Ф Локомотива д.о.о., со регистрирано седиште на ул. Теразије бр. 7-9 / Стари Град, Белград Србија и Медиа Пул со седиште на ул. Џорџа Вајферта бр. 78, Белград,Србија, по пат на купопродажба на удели, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

2.Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 29.09.2023 одина до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата), беше доставено известување за концентрација од страна на Акрос Медиа Холдинг а.с. со регистирано седиште на Јелениа 3131/1, Братислава, Словачка, со која Акрос Медиа Холдинг а.с. ќе стекне самостојна контрола над друштвата: Адриатик Адвертајзинг д.о.о, друштво со регистрирано седиште на ул. Теразије бр. 7-9 / Стари Град, Белград, Србија, И&Ф Медиабрандс д.о.о., со регистрирано седиште на ул. Теразије бр. 7-9 / Стари Град, Белград, Србија, И&Ф Акаунтинг д.о.о. со регистрирано седиште на ул. Теразије бр. 7-9 / Стари Град, Белград, И&Ф Локомотива д.о.о., со регистрирано седиште на ул. Теразије бр.

7-9 / Стари Град, Белград Србија и Медиа Пул со седиште на ул. Џорџа Вајферта бр. 78, Белград,Србија, по пат на купопродажба на удели.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, и прилозите кон истото го утврди следното:

Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:

- **Акрос Медиа Холдинг а.с**. е дел од Акрос Групацијата, активна во областа на управувањето со средства и богатството, гостопримството, недвижностите, приватниот капитал и претприемачки капитал. Акрос Групацијата не е активна во Северна Македонија.

-**Адриатик Адвертајзинг д.о.о.** е менаџмент компанија која обезбедува услуги за функција за поддршка само на своите зависни друштва. Адриатик Адвертајзинг д.о.о. е активно во Северна Македонија преку своите зависни друштва во целосна сопственост:

-Агенција за маркетинг комуникации и услуги МекКен ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште е на булевар 8 Септември бр. 16, Скопје и со регистрирана приоритетна дејност-марктинг агенција и

-Друштво за маркетинг комуникации и услуги Ад+Вентуре ДООЕЛ Скопје со регистрирано седиште на булевар Партизански одреди бр. 26А-1/2 Скопје и со регистрирана приоритетна дејност- марктинг агенција.

-**И&Ф Медиабрандс д.о.о.** е менаџмент компанија која обезбедува услуги за функција за поддршка само на своите зависни друштва. И&Ф Медиабрандс е активно во Северна Македонија преку своето зависно друштво:

-Друштво за маркетинг комуникации и услуги Универзал Медиа ДООЕЛ Скопје, со седиште на булевар 8 Септември бр. 16, Скопје и регистрирана приоритетна дејност-маркетинг агенција.

-**И&Ф Акаунтинг д.о.о.** обзбедува сметководствени, книговодствени и услуги за пресметка на плати и даночни известувања .И&Ф Акаунтинг не е активно во Северна Македонија.

-**И&Ф Локомотива д.о.о.** специјализира во развој на комплексни софтверски решенија за компании и професионални услуги за создавање на вредност, како и решенија за електронска трговија. И&Ф Локомотива не е активно во Северна Македонија.

-**Медиа Пул д.о.о.** е компанија за купување на медиумски простор која купува медиумски простор од различен тип на медиуми (ТВ, печатени медиуми, интернет и други) и го продава тој медиумски простор на своите клиенти. Медиа Пул не е активно во Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа

под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

Упатство за правно средство:

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. Д-р Владимир Наумовски**